# Јавен повик

Советот на Град Скопје, на предлог на Градоначалникот на Град Скопје, на седницата одржана на 27.11.2019 година изгласа Програма со која се определуваат видовите на повластеното користење на јавниот градски превоз, категориите на лица со посебни потреби кои имаат право на повластено користење на јавниот градски превоз, како и условите и постапката за стекнување на тоа право.

Заинтересираните граѓани, лица со оштетен вид, лица со оштетен слух, лица со телесно оштетување, лица со интелектуална попреченост, бубрежно болни лица, лица со аутистичен спектар на однесување како и инвалидите на трудот, инвалидски пензионери и воените инвалиди, правото на повластено користење на јавниот градски превоз можат да го остварат преку соодветните здруженија на граѓани организирани на подрачјето на градот Скопје.

За остварување на правото на повластено користење на јавниот градски превоз во 2020 година, заинтересираното лице со посебни потреби поднесува барање до здружението на граѓани во кое членува.

Здруженијата на граѓани, конечниот список на баратели кои ги исполнуваат условите и за кои предлагаат добивање на билети, го доставуваат до Градот Скопје, најдоцна до 13.12.2019 година.

За дополнителни информации претставниците на здруженијата можат да се јават на телефон 3297 – 321.